Воронешки државен универзитет
Русија

Воронежский государственный университет
Россия

Voronezh State University
Russia

Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип,
С. Македонија

Университет имени Гоце Делчева, г. Штип,
С. Македония

Goce Delcev University in Stip,
N. Macedonia

Шестая международная научная конференция

Шеста меѓународна научна конференција

Sixth International Scientific Conference

# ФИЛКО
# FILKO

## ФИЛОЛОГИЈА, КУЛТУРА И ОБРАЗОВАНИЕ

## ФИЛОЛОГИЯ, КУЛЬТУРА И ОБРАЗОВАНИЕ

## PHILOLOGY, CULTURE AND EDUCATION

## ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ
## СБОРНИК СТАТЕЙ
## CONFERENCE PROCEEDINGS

18-19 октября 2021 / 18-19 октомври 2021 / 18-19 October 2021

Воронешки државен универзитет
Русија
Воронежский государственный университет
Россия
Voronezh State University
Russia

Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип,
С. Македонија
Университет имени Гоце Делчева, г. Штип,
С. Македония
Goce Delcev University in Stip,
N. Macedonia

Шестая международная научная
конференция

Шеста меѓународна научна
конференција

Sixth International Scientific Conference

# ФИЛКО
# FILKO

ФИЛОЛОГИЈА, КУЛТУРА И ОБРАЗОВАНИЕ

ФИЛОЛОГИЯ, КУЛЬТУРА И ОБРАЗОВАНИЕ

PHILOLOGY, CULTURE AND EDUCATION

## ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ
## СБОРНИК СТАТЕЙ
## CONFERENCE PROCEEDINGS

18-19 октября 2021 / 18-19 октомври 2021 / 18-19 October 2021

ФИЛКО
FILKO

# ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ
# СБОРНИК СТАТЕЙ
# CONFERENCE PROCEEDINGS

## ФИЛКО
## FILKO

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

80(062)
821.163.3.09(062)

ЗБОРНИК на трудови [Електронски извор] / Шестата меѓународна научна конференција ФИЛКО филологија, култура, и образование, 18-19 октомври 2021 = Сборник статей / Шестая международная научная конференция ФИЛКО филология, культура и образование, 18-19 октября 2021 = Conference proceedings / Sixth International scientific conference FILKO philology, culture and education, 18-19 October 2021 ; [главен и одговорен уредник Драгана Кузмановска]. - Штип : Универзитет "Гоце Делчев", 2022

Начин на пристапување (URL):
https://js.ugd.edu.mk/index.php/fe/issue/view/289. - Текст во ПДФ формат, содржи 295 стр., илустр. - Наслов превземен од екранот. - Трудови на мак., рус. и англ. јазик. - Фусноти кон текстот. - Библиографија кон трудовите

ISBN 978-608-244-871-8

а) Филологија -- Собири б) Македонска книжевност -- Компаративни студии -- Собири в) Англиска книжевност -- Компаративни студии -- Собири г) Руска книжевност -- Компаративни студии -- Собири д) Високо образование -- Онлајн-настава -- Ковид -- Собири

COBISS.MK-ID 56582405

**ОРГАНИЗАЦИСКИ КОМИТЕТ**
Жана Грачева, Филолошки факултет при ВГУ
Драгана Кузмановска, Филолошки факултет при УГД
Татјана А. Тернова, Филолошки факултет при ВГУ
Весна Коцева, Филолошки факултет при УГД
Генадиј Ф. Ковальов, Филолошки факултет при ВГУ
Ана Витанова Рингачева, Филолошки факултет при УГД
Лариса В. Рибачева, Филолошки факултет при ВГУ
Костадин Голаков, Филолошки факултет при УГД

**МЕЃУНАРОДЕН ПРОГРАМСКИ КОМИТЕТ**
Драгана Кузмановска (С. Македонија)
Даниела Коцева (С. Македонија)
Светлана Јакимовска (С. Македонија)
Ева Ѓорѓиевска (С. Македонија)
Ана Витанова Рингачева (С. Македонија)
Силвана Симоска (С. Македонија)
Татјана Стојановска Иванова (С. Македонија)
Лариса В. Рибачева (Русија)
Софија Заболотнаја (Русија)
Татјана А. Тернова (Русија)
Татјана Атанасоска (Австрија)
Олег Н. Фенчук (Белорусија)
Јулиа Дончева (Бугарија)
Мадлен Данова (Бугарија)
Биљана Мариќ (Босна и Херцеговина)
Душко Певуља (Босна и Херцеговина)
Волф Ошлис (Германија)
Волфганг Моч (Германија)
Габриела Б. Клајн (Италија)
Михал Ванке (Полска)
Мајкл Рокланд (САД)
Даниела Костадиновиќ (Србија)
Милутин Ѓуричковиќ (Србија)
Селена Станковиќ (Србија)
Тамара Валчиќ-Булиќ (Србија)
Ахмед Ѓуншен (Турција)
Нецати Демир (Турција)
Шерифе Сехер Ерол Чал'шкан (Турција)
Карин Руке-Брутен (Франција)
Танван Тонтат (Франција)

**Технички секретар**
Ирина Аржанова
Наташа Сарафова

**Главен и одговорен уредник**
Драгана Кузмановска

**Јазично уредување**
Даница Атанасовска-Гаврилова (македонски јазик)
Марјана Розенфелд (руски јазик)
Биљана Иванова (англиски јазик)
Снежана Кирова (англиски јазик)
Татјана Уланска (англиски јазик)

**Техничко уредување**
Кире Зафиров

**Адреса на организациониот комитет:**
**Воронешки државен универзитет**
**Филолошки факултет**
г. Воронеж, пл. Ленина, 10, корпус 2, к. 34, Русија

**Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип**
**Филолошки факултет**
ул. „Крсте Мисирков“ бр. 10-А
Пош. фах 201, Штип - 2000, Р. Македонија

**Е-пошта:** filko.conference@gmail.com
**Веб-страница:** http://js.ugd.edu.mk./index.php/fe

**Година на издавање и печатење - 2022**
**Место на издавање - Штип**

**РЕДАКЦИОННЫЙ СОВЕТ**

Жанна Грачева, Филологический факультет при ВГУ
Драгана Кузмановска, Филологический факультет при УГД
Татьяна А. Тернова, Филологический факультет при ВГУ
Весна Коцева, Филологический факультет при УГД
Геннадий Ф. Ковалев, Филологический факультет при ВГУ
Ана Витанова-Рингачева, Филологический факультет при УГД
Лариса В. Рыбачева, Филологический факультет при ВГУ
Костадин Голаков, Филологический факультет при УГД

**МЕЖДУНАРОДНАЯ РЕДАКЦИОННАЯ КОЛЛЕГИЯ**

Драгана Кузмановска (С. Македония)
Даниела Коцева (С. Македония)
Светлана Якимовска (С. Македония)
Ева Гёргиевска (С. Македония)
Ана Витанова-Рингачева (С. Македония)
Силвана Симоска (С. Македония)
Татьяна Стояновска-Иванова (С. Македония)
Лариса В. Рыбачева (Россия)
Софья Заболотная (Россия)
Татьяна А. Тернова (Россия)
Татяна Атанасоска (Австрия)
Олег Н. Фенчук (Беларусь)
Мадлен Данова (Болгария)
Юлиа Дончева (Болгария)
Биляна Марич (Босния и Херцеговина)
Душко Певуля (Босния и Херцеговина)
Вольф Ошлис (Германия)
Волфганг Моч (Германия)
Габриелла Б. Клейн (Италия)
Михал Ванке (Польша)
Майкл Рокланд (США)
Даниела Костадинович (Сербия)
Милутин Джуричкович (Сербия)
Селена Станкович (Сербия)
Тамара Валчич-Булич (Сербия)
Ахмед Гюншен (Турция)
Неджати Демир (Турция)
Шерифе Сехер Эрол Чал'шкан (Турция)
Карин Рукэ-Брутэн (Франция)
Танван Тонтат (Франция)

**Ученый секретарь**

Ирина Аржанова
Наташа Сарафова

**Главный редактор**

Драгана Кузмановска

**Языковая редакция**
Даница Атанасовска-Гаврилова (македонский язык)
Марьяна Розенфельд (русский язык)
Бильяна Иванова (английский язык)
Снежана Кирова (английский язык)
Татьяна Уланска (английский язык)

**Техническое редактирование**
Кире Зафиров

**Адрес организационного комитета**
**Воронежский государственный университет**
**Филологический факультет**
г. Воронеж, пл. Ленина, 10, корпус 2, к. 34, Россия

**Университет им. Гоце Делчева – Штип**
**Филологический факультет**
ул. „Крсте Мисирков“ д. 10-А
Пош. фах 201, Штип - 2000, Р. С. Македония

**Э-почта:** filko.conference@gmail.com
**Веб-сайт:** http://js.ugd.edu.mk./index.php/fe

**Год издания и печати - 2022**
**Место публикации - Штип**

**EDITORIAL STAFF**
Zhanna Gracheva, Faculty of Philology, VGU
Dragana Kuzmanovska, Faculty of Philology, UGD
Tatyana A. Ternova, Faculty of Philology,VGU
Vesna Koceva, Faculty of Philology, UGD
Genadiy F. Kovalyov, Faculty of Philology, VGU
Ana Vitanova Ringacheva, Faculty of Philology, UGD
Larisa V. Rybatcheva, Faculty of Philology, VGU
Kostadin Golakov, Faculty of Philology, UGD

**INTERNATIONAL EDITORIAL BOARD**
Dragana Kuzmanovska (N. Macedonia)
Daniela Koceva (N. Macedonia)
Svetlana Jakimovska (N. Macedonia)
Eva Gjorgjievska (Macedonia)
Ana Vitanova Ringacheva (N. Macedonia)
Silvana Simoska (N. Macedonia)
Tatjana Stojanovska-Ivanova (N. Macedonia)
Larisa V. Rybatcheva (Russia)
Sofya Zabolotnaya (Russia)
Tatyana A. Ternova (Russia)
Tatjana Atanasoska (Austria)
Oleg N. Fenchuk (Belarus)
Biljana Maric (Bosnia and Herzegovina)
Dushko Pevulja (Bosnia and Herzegovina)
Madlen Doncheva (Bulgaria)
Yulia Doncheva (Bulgaria)
Karine Rouquet-Brutin (France)
That Thanh-Vân Ton (France)
Wolf Ochlies (Germany)
Wolfgang Motch (Germany)
Gabriella B. Klein (Italy)
Michal Wanke (Poland)
Danijela Kostadinovic (Serbia)
Milutin Djurichkovic (Serbia)
Selena Stankovic (Serbia)
Tamara Valchic-Bulic (Sebia)
Ahmed Gunshen (Turkey)
Necati Demir (Turkey)
Şerife Seher Erol Çalişkan (Turkey)
Michael Rockland (USA)

**Conference secretary**
Irina Arzhanova
Natasha Sarafova

**Editor in Chief**
Dragana Kuzmanovska

**Language editor**
Danica Atanasovska-Gavrilova (Macedonian)
Maryana Rozenfeld (Russian)
Biljana Ivanova (English)
Snezana Kirova (English)
Tatjana Ulanska (English)

**Technical editing**
Kire Zafirov

**Address of the Organizational Committee**
**Voronezh State Universiy**
**Faculty of Philology**
10 pl. Lenina, Voronezh, 394006, Russia

**Goce Delcev University - Stip**
**Faulty of Philology**
Krste Misirkov St. 10-A
PO Box 201, Stip - 2000, Republic of Macedonia

**E-mail:** filko.conference@gmail.com
**Web-site:** http://js.ugd.edu.mk./index.php/fe

**Year of publication - 2022**
**Place of publication - Stip**

# СОДРЖИНА / СОДЕРЖАНИЕ / CONTENT

1. **Adili Bujar, Petrovska Sonja and Xhambazi Gzim** - GENDER AND LEVEL OF TEACHERS' KNOWLEDGE ON KEY FEATURES OF INTERCULTURAL EDUCATION....13
2. **Ćeklić Nina S.** - CONCEPTUAL POSITION AS A COMPOSITION PRINCIPLE IN REMNANTS OF THE WORLD BY IGOR MAROJEVIĆ....23
3. **Gjorgjeva Ivana, Jankova Alagjozovska Natka** - ANGELA CARTER'S BLOODY CHAMBER IN RELATION TO THE SECOND WAVE FEMINISM.... 31
4. **Iliev Krste, Pop Zarieva Natalija, Krsteva Marija, Donev Dragan** - THE NOTION OF BANISHMENT IN SHAKESPEARE`S PLAYS....39
5. **Ivanova Biljana, Kuzmanovska Dragana, Kirova Snezana** - FOREIGN LANGUAGE ACQUISITION IN SCHOOLS....45
6. **Јованова-Митковска Снежана**- КВАЛИТАТИВНАТА МЕТОДОЛОГИЈА И НЕЈЗИНАТА ПРИМЕНА ВО ОПШТЕСТВЕНИТЕ И ХУМАНИСТИЧКИТЕ НАУКИ....49
7. **Крстев Марија, Донев Драган, Поп Зариева Наталија, Илиев Крсте** HEMINGWAY IN HEMINGWAY'S GIRL....59
8. **Kujundžić Maja, Ćeklić Nina** - SOCILINGUISTC USE OF THE PASSIVE IN TWO 19TH CENTURY BRITISH NOVELS....65
9. **Vangelov Nikola** - INTERCULTURAL CHARACTERISTICS OF DIGITAL MARKETING....75
10. **Антониевски Горан, Асани Агим** - КАРАКТЕРИСТИКИ НА ГАСТРОНОМИЈАТА ВО ПОЛОШКИОТ РЕГИОН....83
11. **Аржанова Ирина**- СУЩНОСТЬ ЧЕЛОВЕКА И ИДЕАЛЫ ЖИЗНИ У СЛАВЯН....91
12. **Арзямова Ольга Витальевна** - ЛИТЕРАТУРНЫЙ ТРАВЕЛОГ В ЛИНГВОКУЛЬТУРНОМ ИЗМЕРЕНИИ (на материале «Африканской книги» А. М. Стесина)....99
13. **Bangoji Salija** -TEACHER COMPETENCIES FOR THE KNOWLEDGE SOCIETY....105
14. **Василевская Анастасия** - РАБОТА С ХУДОЖЕСТВЕННОЙ ДЕТАЛЬЮ НА УРОКАХ ЛИТЕРАТУРЫ В СРЕДНЕЙ ШКОЛЕ....113
15. **Витанова-Рингачева Ана, Мицева Сузана** ЈУРУЦИТЕ – МАКЕДОНСКИТЕ АМИШИ....117
16. **Гальцова Дарья** - СИНОНИМИЧЕСКИЕ СООТВЕТСТВИЯ В НАИМЕНОВАНИЯХ ОВРАГОВ (НА МАТЕРИАЛЕ ВОРОНЕЖСКИХ ГОВОРОВ)....123
17. **Гладышева Светлана** - КНИГОИЗДАТЕЛЬСТВО «СЛОВО» В СОЦИОКУЛЬТУРНОМ ПРОСТРАНСТВЕ РУССКОГО ЗАРУБЕЖЬЯ....129
18. **Голаков Костадин, Методијески Дејан** - КАРАКТЕРИСТИКИ НА РУСКАТА ГАСТРОНОМИЈА....135
19. **Грачева Жанна, Ганделидзе Диана** - ЯЗЫКОВАЯ МОДА В РОССИИ НАЧАЛА XXI ВЕКА....143

20. **Гркова-Беадер Марија** - ПРАВОПИСОТ ВО НАСТАВАТА ПО МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК ВО ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ....155
21. **Денкова Јованка** - БЕГСТВО ВО/ОД ВИРТУЕЛНАТА РЕАЛНОСТ НА СОНИШТАТА ....165
22. **Ђуричковић Милутин** - РУСКА ДРАМА ЗА ДЕЦУ И МЛАДЕ НА СРПСКОМ ЈЕЗИКУ ....175
23. **Донев Драган, Поп Зариева Наталија, Костова Кристина, Илиев Крсте** ИГИТАЛНИТЕ НОМАДИ КАКО КУЛТУРОЛОШКИ ФЕНОМЕН ВО СОВРЕМЕНОТО ОПШТЕСТВО ....185
24. **Ильина Татьяна, Моу Шужань** - ОСОБЕННОСТИ ДИСТАНЦИОННОГО ОБУЧЕНИЯ В РОССИИ И КИТАЕ ....191
25. **Иванов Стефан, Мартиновска Банде Цвета, Ивановска Билјана** ОБРАБОТКА НА ПРИРОДЕН ЈАЗИК СО ТЕХНИКИ НА МАШИНСКО УЧЕЊЕ ....197
26. **Ивановска Билјана, Цафери Гзим** - ГОВОРНИТЕ ЧИНОВИ И НИВНАТА ПОВРЗАНОСТ СО УЧТИВОСТА ВО ВРЕМЕ НА КОРОНА КРИЗАТА ....203
27. **Карначук Ирина** - КЛАССИЧЕСКАЯ ЛИТЕРАТУРА КАК СПОСОБ СОХРАНЕНИЯ НРАВСТВЕННОСТИ НА УРОКАХ ЛИТЕРАТУРЫ В СРЕДНЕЙ ШКОЛЕ ....209
28. **Ковилоски Славчо** - ЗА ПОСТОЕЊЕТО НА МАКЕДОНСКАТА КНИЖЕВНА КРИТИКА ВО XIX ВЕК ....213
29. **Косяков Сергей** - ИСТОРИЯ ПОПЕЧИТЕЛЬСТВА О СЛЕПЫХ И БИБЛИОТЕЧНОГО ОБСЛУЖИВАНИЯ НЕЗРЯЧИХ В ВОРОНЕЖСКОЙ ОБЛАСТИ ....221
30. **Котев Иван** - ПРАВДАТА И НЕПРАВДАТА ВО ФОЛКЛОРОТ (Во македонските народни песни, приказни и кратките жанри) ....227
31. **Мелкадзе Нанули**- ЗАСТОЛЬЕ КАК ФРАГМЕНТ ГРУЗИНСКОЙ ЯЗЫКОВОЙ КАРТИНЫ МИРА ....237
32. **Младеновска-Ристовска Катерина**- КУЛТОТ НА ВОДАТА ВО РЕЛИГИЈАТА НА АНТИЧКИТЕ МАКЕДОНЦИ....245
33. **Нагина Ксения** - ОБ УЧЕБНЫХ ПОСОБИЯХ В ВЫСШЕЙ ШКОЛЕ: ПРОБЛЕМЫ ИЗУЧЕНИЯ ТВОРЧЕСТВА Л. ТОЛСТОГО ....253
34. **Негриевска Надица** - СИНТАКСИЧКИ ФУНКЦИИ НА ПРОСТИТЕ ПРЕДЛОЗИ ВО ИТАЛИЈАНСКИОТ ЈАЗИК И НИВНИТЕ МОЖНИ ЕКВИВАЛЕНТИ ВО МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК....261
35. **Пигунова Ксения**- СПОСОБЫ ОРГАНИЗАЦИИ ПРОСТРАНСТВЕННО-ВРЕМЕННОЙ КАРТИНЫ МИРА В РОМАНЕ ЕВГЕНИЯ ВОДОЛАЗКИНА «ЛАВР»....271
36. **Попов Сергей** - ДИАЛЕКТНАЯ ГЕОГРАФИЧЕСКАЯ ЛЕКСИКА В РЕГИОНАЛЬНОЙ ТОПОНИМИИ РОССИИ ....279
37. **Рогич Петја** -БУГАРСКИОТ, МАКЕДОНСКИОТ И СРПСКИОТ ЈАЗИК – СЛИЧНОСТИ И РАЗЛИКИ....283
38. **Сарафова Наташа** - РАДИКАЛНООСЛОБОДИТЕЛНИОТ ФЕМИНИЗАМ ВО ДЕЛАТА НА АНГЕЛА КАРТЕР....291
39. **Саздова Викторија, Ивановска Билјана** - ЈАЗИЧНИТЕ ЕДИНИЦИ СО ПОЗИТИВЕН ЕМОЦИОНАЛЕН ПРИЗНАК ВО ЈАЗИЧНИОТ ПАР ГЕРМАНСКИ-МАКЕДОНСКИ ....299

40. **Стојановска-Стефанова Анета, Рунчева-Тасев Христина, Магдинчева Шопова Марија** - КОМУНИКАЦИСКИ ПРЕДИЗВИЦИ ВО МУЛТИКУЛТУРНИТЕ ОПШТЕСТВА....307
41. **Тасевска Марица** - ОНЛАЈН НАСТАВАТА ПО ГЕРМАНСКИ ЈАЗИК ВО ВРЕМЕ НА ПАНДЕМИЈА. ИСКУСТВА И ПРЕДИЗВИЦИ....315
42. **Тернова Татьяна, Фролова Анна** - РЕПРЕЗЕНТАЦИЯ ПАМЯТИ В ПОЭЗИИ ОКСАНЫ ВАСЯКИНОЙ....321
43. **Ткаченко Дмитрий** - ИНКЛЮЗИВНОЕ ОБРАЗОВАНИЕ В РОССИИ В КОНТЕКСТЕ ЕВРОПЕЙСКОГО ОПЫТА....327
44. **Ткаченко Татьяна** - ОПЫТ ОБРАЩЕНИЯ К СЛАВЯНСКИМ ЯЗЫКАМ НА ЗАНЯТИЯХ ПО РУССКОМУ ЯЗЫКУ В СПОРТИВНОМ ВУЗЕ....333
45. **Тодорова Марија, Уланска Татјана** - ПЕРЦЕПЦИЈАТА НА СТУДЕНТИТЕ ЗА ОНЛАЈН НАСТАВАТА ПО ШПАНСКИ И АНГЛИСКИ ЈАЗИК ВО УСЛОВИ НА ПАНДЕМИЈА....339
46. **Урумова-Марковска Славица** - ТЕХНОЛОГИЈАТА ВО ОБРАЗОВАНИЕТО КАКО ПРЕДИЗВИК ЗА ЗДРАВ ДЕТСКИ РАЗВОЈ....347
47. **Цацков Оливер** - МОРАВСКАТА МИСИЈА НА КИРИЛ И МЕТОДИЈА ЗНАЧАЕН ФАКТОР ЗА СЛОВЕНСКАТА ПИСМЕНОСТ....355
48. **Шутаров Васко** - СПЕЦИФИКИ НА МАКЕДОНСКАТА КУЛТУРНА ДИПЛОМАТИЈА....363

UDK: 37.017:004

# ТЕХНОЛОГИЈАТА ВО ОБРАЗОВАНИЕТО КАКО ПРЕДИЗВИК ЗА ЗДРАВ ДЕТСКИ РАЗВОЈ

**Славица Урумова-Марковска**
М-р, ООУ„Лиман Каба“, с.Љуботен, Скопје

**Апстракт**

Во овој труд ќе стане збор за употребата на технологијата во образованието, што има за цел да ја зголеми ефективноста на образовниот процес и да им гарантира на учениците здрав детски развој, но и постигнување на планираните резултати во наставата. Целта е да се истакне потребата од системот на основно воспитание и образование на децата, кое е од значење за севкупниот раст, развој и формирање на нивната личност. Технологијата во системот ги поставува условите за интегративен пристап во развојот на децата преку поттикнување и насочување на сознајни активности, воспоставување на вредности преку учење.

**Клучни зборови:** *дигитализација, пандемија, платформа, поддршка, развој*

## ВОВЕД

Живееме во време на промени и престројување, како и во време на филозофија која е нова и многу важна за нашето секојдневие, посебно во воспитно-образовниот процес чиј главен печат е квалитетното образование. Науките за човекот даваат разновидна слика за настанокот и развојот на личноста, за формирањето на психата, за развојот на сознајната активност, за освојувањето на околниот свет од страна на човекот. Разновидноста на наставните (воспитно-образовни) задачи, разновидноста на елементите на содржината на образованието и видовите на наставниот материјал, нееднозначноста на пројавувањето на законитостите на неговото усвојување во зависност од индивидуалните особености на детето, на неговиот стил на сознајна активност и многу други фактори, се до условите во училницата и технологијата која ја користат, заемните односи меѓу учениците и односите со наставникот претставуваат предизвик за здрав детски развој. Ученикот во текот на школувањето е запознат со релациите на луѓето и општеството. Не е многу лесно да се формира идентитетот, моралниот развој и прифаќањето на општествените наоди. Неговата личност треба да се насочи правилно, да биде присутно нормалното созревање и така ќе биде успешно.

## (НЕ)ЗДРАВ ДЕТСКИ РАЗВОЈ

Тесната поврзаност помеѓу социјалната и емоционалната компонента се наоѓаат во комплементарен однос и тие меѓусебно се надополнуваат. Успешните социјални контакти овозможуваат развивање на позитивна слика за себе кај детето, но во исто време и развивање на емоционалните вештини за самоконтрола. Позитивните развојни компоненти на овој домен го карактеризираат детето со способност да го контролира своето однесување,

да научи да практикува вештини за интеракција со другите лица, вклучувајќи ги и врсниците, како и воспоставување и одржување на позитивни односи со околината.

Во описот на педагошкото опкружување за да ја имаме севкупната слика важно е да се вклучат карактеристиките како на традиционалната практика, така и на современата практика имајќи предвид дека сѐ уште трае транзицијата од една во друга. Моменталната практиката не може комплетно да се нарече современа бидејќи анализите покажуваат дека трагите од традиционалното се сѐ уште присутни во воспитно-образовниот модел.

Во модерното училиште му се овозможува на секој ученик да си го пронајде своето место во училишниот живот, да го развива непречено својот талент, да се чувствува значаен меѓу своите врсници. Како еден од предизвиците на современото образование е ученикот да се развива како личност без предрасуди да се поттикнува да ги развива своите способности да научи слободно да го кажува своето мислење и да го проширува и надградува своето знаење. Во прв план на современото воспитание и образование се истакнуваат способностите на ученикот кои се означуваат со поимите индивидуалитет, социјализација, автентичност, достоинство, одговорност и должност, автономност, адаптибилност, еманципација, самоопределување, творештво и креативност. Современата филозофија на воспитанието и образованието не тргнува од општиот, стандардниот или посебниот вонстандарден ученик туку од поединецот. Во центарот на воспитно-образовниот процес се наоѓа конкретен ученик со сите свои особености, склоности, потенцијали, интереси, потреби и проблеми. Според мислењето на творците на модерното образование „Ученикот не е сад кој треба да го наполниш туку факел кој треба да го запалиш“.

Соочени со денешното брзо темпо на живот, родителите поминуваат малку време со децата, можеби дури и несвесно или по линија на помал отпор ги препуштаат на телевизијата, компјутерите, смартфоните, таблети и слични апарати, знаејќи дека така покрај малиот екран, децата се тука, до нив на сигурно. Возрасните секогаш не размислуваат за тоа какви се содржини им се пласираат на децата. Поради изразените и интензивни звучни и светлосни ефекти, како и поради брзината на случувањата (брз проток на информации), децата често не ја разбираат или погрешно ја разбираат суштината и пораката на прикажаното.

Некои родители сметаат дека ако децата порано почнат со користење на модерната технологија, си ги зголемуваат шансите за подобра кариера, но тоа не е така. Децата самоиницијативно, не знаат свесно да ги декодираат значењата кои медиумите ги пласираат, па таквите пораки ги примаат во буквална смисла. Затоа доколку децата ги користат неконтролирано дигитални уреди, можат да имаат негативно влијание на нивниот развој, мислењето и говорот, како и на формирање на целокупната слика за светот. Децата не можеме да ги изолираме од светот и времето во кое живееме, туку само да си одговориме на прашањето Од кога, како и колку да ги користат технологиите?!

Дали компјутерот ќе има позитивно или негативно влијание зависи од тоа како родителите и образовните установи ќе го насочат детето. Едукативни програми и добро дизајнирани игри овозможуваат детето да експериментира, да истражува и открива, да самопроценува, да ја анализира својата стратегија,

да разменува свои искуства со други деца, да ги доведе своето знаење и вештини до највисоко ниво. Но, неадекватно користење има негативно влијание врз целокупниот развој. Децата стануваат зависни од компјутери. Забрана за користење не е решение за надминување на овој проблем, туку решението лежи во постојан разговор со детето и насочување селективно да се гледа ТВ, како и во која мерка ќе се користи компјутерот, таблетот или смартфонот.

**ТЕХНОЛОШКИОТ ПРИОД КОН НАСТАВАТА**

Развојот на компјутерската технологија и нејзината употреба во рамките на училиштето во светски рамки извршила влијание врз интересот на истражувањата поврзани со неа. На прв план се појавиле комерцијални истражувања поврзани со светската економија и брзиот технолошки развој, на втор план се истражувала присутноста и влијанието на компјутерската технологија и нејзините промени врз учениците и наставниците и на крај биле истражувани промените кои се случуваат кога наставникот ја предава наставната содржина, врз основа на сфаќањето како ученикот најдобро учи (Williams, D.&Webster, P., 1999). Најголем дел од речниците терминот *технологија* го дефинираат како концепт кој опфаќа алатки или вештини со кои се подобрува одредена област, како индустријата, земјоделството или уметноста (Agnes, M. Ed., 1999).

Технолошкиот приод кон наставата има за цел да конструира наставен процес кој ќе се раководи од директивите дадени во почетокот (образовни ориентири, цели и содржина на наставата). Тој приод, обично, се претставува како на шемата:




Соодветно со тоа, во технолошкиот приод кон наставата се издвојуваат: Поставување на целите и нивно максимално уточнување (на оваа етапа од работата на наставникот ѝ се придава првостепено значење); Строга насоченост на целиот тек на наставата кон наставните цели; Насоченост на наставните цели, а заедно со нив и на целиот тек на наставата кон гарантирано постигнување на резултатите; Оценка на тековните резултати, корекција на наставата, насочена кон постигнување на поставените цели и завршна оценка на резултатите.

Клуч за сфаќање на технолошката градба на наставниот процес е доследната ориентација кон јасно утврдени цели. Запознавањето и творечкото преосмислување на наставното технолошко искуство можат да бидат корисни при организирање на заеднички распределена наставна работа со ориентација на конкретни, јасни тематски цели. Запознавањето и преосмислувањето на странското искуство и синтезата со нашите истражувања, според мене, е перспективата на развојот и искористувањето на наставната технологија.

Наставата и образовната технологија се во тесни релации, како што се образовната технологија со научно-технолошкиот развој. Современиот развој диктира осовременување на наставата но сето тоа, сѐ уште не значи автоматизација на наставниот процес и автоматизација на системот. Дидактичарите и методичарите се под голем притисок да одржуваат чекор со современоста т.е. со брзината на развојот. Па така, поимот осовременување претставува обид, можност, залагање и тенденција наставата постојано да се осовременува во целина или во нејзини поедини аспекти. Обезбедувањето адекватни услови подразбира поседување знаења, мотиви, кадри, методологија и материјално-техничка база, кои овозможуваат квалитет во учењето.

Како последица на научно технолошкиот развој се јавува потребата за воведување во наставата технолошки иновации и решенија. Функцијата на образовната технологија е повеќекратна и претставува значајна компонента на наставниот процес, чија основна задача е да обезбедува создавање на технолошки решенија, примена и свртување кон тие промени што обезбедуваат современо организирање на наставата. Нејзината цел е моделирање на настава која се карактеризира со современост, актуелност, рационалност и ефективност. Образовната технологија не може да опстане ако не стане составен дел на наставата и навика на наставникот.

Меѓу образовната технологија и наставата постои комплементарен однос:

| РЕЛАЦИИ | |
|---|---|
| НАСТАВА | ОБРАЗОВНА ТЕХНОЛОГИЈА |
| систем | движење |
| образовни содржини | раздвиженост |
| структура | еволуција |
| процес | револуција |
| промена и развој | процес |

Овие релации се верифицираат, потврдуваат и евалуираат во наставната практика. Како резултат на технолошкиот прогрес наставата или напредува, се осовременува или стагнира, заостанува, застарува. Носителите на современата настава треба да поседуваат:

– Оспособеност за прифаќање на цивилизацискиот предизвик и образовниот технолошки процес;
– Способност за програмирање, планирање, раководење и давање на стручна помош;
– Способност за креативно, критичко и аналитичко размислување;
– Способност за комуникации;
– Способност за вреднување и објективно оценување на реализираните програмски задачи, цели и сл.;

- Чувство на одговорност, мотивираност и иницијативност;
- Чувство на флексибилност, кооперативност, толерантност во меѓучовечките односи;
- Психолошко познавање на развојните процеси на ученикот и наставните законитости.

Во овој контекст образовната технологија и наставата се во меѓусебна зависност. А со процесот на обединување на технологијата и интелектуалниот труд, т.е. технолошките решенија и процесот на усвојувањето на знаењата се добива суштинското значење иновации во наставата.

**ДИГИТАЛИЗАЦИЈА НА ОБРАЗОВАНИЕТО**

Барањата и тенденциите за осовременување на наставата, со цел подигнување на нејзината ефикасност, продуктивност и успешност се присутни, и тие се рефлектираа на својствен начин и во денешната воспитно-образовна практика. Преку проектите на Владата: „Компјутер за секое дете" и „Учиме со помош на компјутери" почнавме почесто да го сретнуваме и да го употребуваме терминот е-учење. Целта на овие проекти беше:

- Зголемување на степенот на употреба на компјутерите и интернетот во наставата (што ќе резултира со подобрување на информатичко-технолошките вештини на учениците, вклучително и на наставниците);
- Овозможување пристап до дигиталните образовни содржини, како и подобрување на достапноста на информациите од областа на образованието и другите области од интерес за учениците.

Овие проекти овозможија создавање на мултимедијални образовни содржини за електронско учење (е-учење) и се добра подлога за денешната онлајн настава. Воедно ја поттикнуваа мотивацијата кај наставниците и учениците за креирање на електронски содржини, што денес води кон масовна примена на информатичката технологија во наставата и учењето, како и обезбедување на интерактивни табли за реализирање на наставата во основните училишта.

Дигиталната трансформација на образованието стана историска пресвртница во начинот на функционирање на сите генерации. Глобалната криза ја надмина сферата на јавното здравје и се рефлектираше на образовниот свет, во кој се моделираше нов концепт. Ваквата ситуација создаде исклучителен стрес не само за наставниците, кои се втурнати во нова неочекувана задача, туку и за учениците бидејќи мораа да ги заменат дневните училишни активности и начинот на дружење со наставни задачи добиени по електронски пат. Секако, и многумина од родителите се најдоа под исклучителен притисок во обидот да им помогнат на децата колку е можно побргу и побезболно да се усогласат со рапидните промени. Ова напредно издигнување на технологијата нуди нов образовен модел кој цврсто е инкорпориран во основното образование. Во креирањето нови образовни политики се вклучени најголемите интернационални организации, меѓународни тела и влијателни лидери. Европската комисија во Акцискиот план за дигитално образование 2021 – 2027[1], одреди временска рамка и активности што треба да создадат инклузивно и пристапно дигитално

[1] https://ec.europa.eu/education/education-in-the-eu/digital-education-action-plan_en Преземено на 06.9.2021 год.

образование. Светскиот економски форум[2] пак, ги утврди трендовите и примерите кои ја покажуваат насоката за креирање поквалитетни училишта.

Секојдневно сме сведоци на успешни практики кај „добрите“ наставници, како ги водат часовите, како различно го организираат наставниот процес, добиваат високи резултати и при „традиционални“ часови, но и при невообичаени форми и методи на настава, наречени технолошки иновации кои се повеќе земаат замав со почетокот на пандемијата. Според новите образовни планови, наставниците влегуваат во еден процес на доживотно учење и професионален развој, добивајќи компетенции што опфаќаат научна, медиумска и дигитална писменост. Од нив се очекува поголема креативност и иновативност во наставата.

Според ова, во наставната практика нема единствен идеален приод, туку постојат многу разновидни форми и методи, модели на наставен процес кои покажуваат ефективност. Идејата за повеќе варијантност на моделите на животот и на развојот на училиштето, на неговиот наставен процес добива се поголемо признание во целиот свет. Па, сепак, обидите за единствен ефективен пристап не престануваат.

**ОНЛАЈН НАСТАВА**

Со појавувањето на Корона вирусот, Министерството за образование и наука воведе онлајн настава во скоро сите училишта низ државата, тие создадоа платформа за учење од далечина. Позитивно е што се започна со дигитализација на образованието, а негативно е што на професорите не им се даде квалитетна обука. Затекнати во брзата и на моменти, драматична промена, од нив се очекуваше целосна подготвеност, со информатички, комуникациски и технолошки компетенции, но и со педагошки вештини потребни за новиот менаџмент во училницата. Во почетокот платформата не беше сосем функционална, но за краток период стана стабилна, но не е се уште достапна за сите ученици подеднакво (бидејќи има голем број на ученици од ранливи категории). Сите алатки што ги нуди самата платформа и Microsoft Teams се одлични за еден наставник и ученик кој во секое време има можност да го провери распоредот на часови, календар на активности, успех и оценки по секој предмет, работа на часови и низа други интересни додатоци. Во иднина можеби треба надлежните да размислат за приспојување на е-дневник и е-учебници во рамки на платформата.

За да се одговори на новите развојни цели и во контекст на актуелните состојби во македонското образование, беа донесени соодветни измени на Законот за основно и средно образование[3]. Современото училиште треба да се креира токму со балансот меѓу традиционалниот, физички пристап и можностите на дигиталната технологија. Според Министерството за образование и БРО, на ниво на цела држава, 90.2% ученици успешно следат онлајн настава, а останатите девет проценти, наставата ја следат преку телевизија, но и наставниците доставуваат печатени материјали до учениците. Македонска радио-телевизија овозможи 15-минутни часови да се одвиваат на

[2] https://www.weforum.org/agenda/2015/05/3-key-trends-on-skills-and-education/
Преземено на 06.9.2021 год.
[3] https://mon.gov.mk/content/?id=3347 Преземено на 06.9.2021 год.

телевизија со отворање на дополнителен детски канал МТВ5. МОН е задоволен од моделот на настава којшто го избра заедно со Владата, а тоа е комбиниран, дел со физичко присуство дел со онлајн настава. Кон оваа активност се приклучува и Едуино - националната веб-платформа за образование, а на оваа платформа може да се најдат видеолекции, ресурси, игри и разни активности за поддршка на воспитно-образовниот процес. Едуино има за цел да прерасне во колективна платформа на којашто, заедно со учениците, наставниците и родителите, ќе се креираат, проверуваат и објавуваат нови ресурси и материјали, градејќи ја првата национална библиотека на дигитални едукативни материјали во нашата држава.

Ако се запрашаме што е подобро училница или онлајн настава?! Одговорот би гласел: -Училница! Бидејќи, самата интеракција помеѓу професорите и учениците е значаен дел од развитокот на една личност која се наоѓа во образовен процес. Психолошките ефекти на оваа трансформација на училницата се огромни. Во образованието „од дома“, емоционалниот амбиент во семејството стана најважен предуслов за нивното ментално здравје. Што се однесува до делот на наставата, многу е важно и усното испрашување и активноста на часот и различно е од писменото оценување. Во училницата при самиот тек на часот наставникот може да има увид и проценка за знаењето на ученикот, но со онлајн наставата тоа не е баш лесно. Таму може да постојат многу причини кои би довеле до нереална оценка (слаб интернет, невклучување на камера, препишување за време на тест, лоша комуникација со професорите - некои ученици не се чувствуваат слободно да прашаат што не им е јасно и потоа се соочуваат со потешкотии при пишување на домашната работа или учење на материјалот, проблем прават и оние ученици кои не ја сфаќаат онлајн наставата сериозно и го попречуваат часот...).

Образованието за младите е многу важна алка, за која, време е подробно да почне да се размислува. Онлајн наставата сама по себе си носи свои предности и маани. Секој од нас наоѓа сопствен начин да се приспособи кон тој начин на исполнување на обврската за следењето на наставата. Ваквите предавања се потешки од традиционалната настава и бараат многу повеќе напор и концентрација (и за наставникот, но и за ученикот). Долгото време поминато пред малите екрани, заморот - причинува непријатности при следењето на наставата и претставува негативна појава и загрозување на здравјето на учениците: чувство на главоболка, како и проблеми со видот. Но, позитивно е што во своите домови учениците и наставниците се порелаксирани, не треба да се подготвуваат за да одат на училиште, на овој начин училиштето им е дома.

**ЗАКЛУЧОК**

Светот никогаш нема да биде ист по завршувањето на Ковид - пандемијата. Ова е одлична шанса за вистинска технолошка пресвртница во македонското образование. Шанса за вложување, модернизирање, обучување на кадарот, опремување на „училиштата на иднината“ и развивање на вештини кај учениците.

Една од целите на технологијата е да се поттикне мотивацијата и интересот кај учениците преку еден вид на практична настава каде тие ќе бидат вклучени во истата и ќе имаат пристап до сите информации и податоци дадени од страна

на наставникот. Таа се стреми кон олеснување на учењето на учениците со што би се подобрил нивниот квалитет во совладувањето на четирите вештини потребни за добивање на компетенции во однос на тоа што го изучуваат. Сметам дека во иднина овој процес на употреба на технологијата во наставата ќе ја подобри умствената надоградба кај учениците за практична употреба на совладаното со што ќе покажат ефективни резултати во процесот на учење и предавање.

Затоа, единствен пат до квалитетно образование во услови на пандемија е организирање пошироки здружени пристапи од сите засегнати страни. Трансформацијата на образованието во следниот период да ги вклучува не само Владата, педагошките центри туку и непрофитните организации што ќе го помагаат овој процес. Во вакви услови, семејството и наставниците треба да бидат свесни дека со образовниот процес во вакви услови, обезбедуваат и здрав развој и психолошка поддршка на секое дете.

**КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА**


1. Williams, D.&Webster, P. (1999). *Experiencing music technology* (2nd ed.). New York: Schirmer Books.
2. Agnes, M. (Ed.). (1999). *Webster's new world college dictionary* (4th ed.) New York, Macmillan.
3. M.B. Кларин (1995). *Педагошката технологија во наставниот процес.* Скопје: Педагошки завод на Македонија.
4. Целадин, Мурати (1996). *Прилози за образованието, наставата и училиштето.* Скопје: Просветно дело.
5. Шикова, Наталија (2020). *Настава на далечина во Република Северна Македонија*: предизвици и идни чекори. Скопје: Центар за управување со промени.